# ПРИРАЧНИК
## ЗА ПРЕОБРАЗБА НА ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ ВО АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО

ОКТОМВРИ 2013

# СОДРЖИНА

I ВОВЕД ..... 3
II АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ..... 7
1. Поим ..... 7
2. Основачи/акционери ..... 7
3. Основање на друштвото ..... 7
4. Основна главнина ..... 7
5. Поим на акција ..... 7
6. Родови и класи на акции ..... 8
7. Права содржани во акциите ..... 8
8. Класи на приоритетни акции ..... 9
9. Право на глас ..... 9
10. Располагање со акциите ..... 9
11. Органи на друштвото ..... 10
11.1. Системи на управување со друштвото ..... 10
11.1.1. Едностепен систем на управување ..... 10
11.1.2. Двостепен систем на управување ..... 12
11.2. Собрание на друштвото ..... 15
12. Престанување на друштвото ..... 16
13. Сличности и разлики помеѓу друштото со ограничена одоворност и акционерското друштво ..... 17
III ПРЕОБРАЗБА НА ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ ВО АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ..... 18
1. Преобразба на друштво од една во друга форма на друштво – ПОИМ ..... 18
2. Преобразба на друштво со ограничена одговорност во акционерско друштво ..... 19
2.1. Одлука за преобразба ..... 19
2.2. Услови под коишто може да се изврши преобразба ..... 20
2.3. Преземање акции ..... 21
2.4. Упис на преобразбата ..... 21
2.5. Претворање удели во акции ..... 22
2.6. Права на содружник по преобразбата на друштвото ..... 23
3. Основање на акционерското друштво што настанува со преобразбата ..... 24
3.1. Симултано основање ..... 26
3.1.1. Назначување на првите членови на одборот на директори, односно на надзорниот одбор ..... 26
3.1.2. Извештај за текот на основањето (основачки извештај) ..... 26
3.1.3. Упис во трговскиот регистар ..... 27
3.1.4. Забрана за издавање акции ..... 30
3.2. Сукцесивно основање ..... 30
3.2.1. Јавен повик и уписница ..... 30
3.2.2. Постапка за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда ..... 32
3.2.3. Располагање со уплатите ..... 36
3.2.4. Основачко собрание ..... 36
3.2.5. Пријава и податоци за упис ..... 38
3.2.6. Упис на хартиите од вредност во овластен депозитар ..... 39

# I ВОВЕД

Предмет на обработка на овој прирачник е преобразбата на друштво со ограничена одговорност во акционерско друштво. Истиот е наменет за друштвата со ограничена одговорност, со цел да им се доближи оваа постапка како можност за развој и проширување на нивните бизниси.

Зошто Вашето друштво со ограничена одговорност да го преобразите во акционерско друштво?

Предностите на преобразба од друштво со ограничена одговорност во акционерско друштво, се следните:

1) Полесен пристап до капитал
2) Предности од котацијата на хартии од вредност
3) Ограничена одговорност
4) Преносливост на акциите
5) Стабилност во постоењето
6) Ефикасен менаџмент
7) Можност за експанзија
8) Економија на обем
9) Доверба од јавноста
10) Општествена корист
11) Дисперзиран ризик.

Имањето на адекватен капитал како во поглед на големината така и во поглед на структурата е едно од фундаменталните прашања, кое го засега секое друштво. Друштвото може да избере да се финансира од туѓи или од сопствени извори на финансирање, а оптималниот избор зависи од самото друштво и конкретната ситуација. Финансирањето од сопствени извори на финансирање претставува можност да се оптимизира капиталната структура помеѓу долгот и капиталот.

Во текот на животот на друштвото, неговите извори на капитал и нивната структура се важни не само за сопствениците и менаџерите на друштвото, туку и за сите други засегнати лица: добавувачи, клиенти, банки, вработени, итн. Изворите на капитал на друштвото се значаен предуслов за растот на друштвото.

Главната предност на преобразбата на друштво со ограничена одговорност во акционерско друштво е токму полесниот пристап до капитал, односно финансисрање од сопствени извори и поголема можност за раст и развој на друштво.

## 1) Полесен пристап до капитал

Акционерското друштво може да прибира поголеми и на полесен начин средства од широката јавност преку издавање на акции. Со оглед на тоа што не постои горна граница за бројот на акционери, како што е случајот со бројот на содружници кај друштвата за ограничена одговорност, нови акции може да

бидат издадени во секое време за неограничен број на инвеститори, а се со цел да се остварат финансиските цели и барања на друштвото. Исто така, капитал може да се прибира и со издавање на должнички хартии од вредност.

### 2) Предности од котацијата на хартии од вредност

Една од предностите на акционерското друштво е и можноста да ги котира своите хартии од вредност на овластена берза.

Котација на хартии од вредност значи регистрирање на хартиите од вредност на официјален пазар, на берза. Регистрирањето на хартиите од вредност на официјален пазар се врши согласно правила пропишани од берзата на која хартиите од вредност ќе бидат котирани. Преку котацијата на хартиите од вредност се постигнува нивна ликвидност, односно секојдневно тргување на берзата. Официјалниот пазар, берзата, им овозможува на сопствениците на хартиите од вредност во секој момент да ги продадат своите хартии од вредност и да ја претворат својата инвестиција во готовина.

Издавачите чии хартии од вредност котираат на берза остваруваат повеќе користи од котацијата и тоа: олеснет пристап до нов капитал со емисија на нови хартии од вредност; повисок рејтинг и углед на друштвото; зголемена ликвидност и пазарно формирање на цената на акциите; зголемување на вредноста на друштвото и можност за дневна проценка на вредноста на друштвото; поефикасна заштита на инвеститорите, издавачите и малцинските акционери; поефикасно спроведување на принципите на корпоративно управување; поедноставен пристап и до странските берзи итн.

### 3) Ограничена одговорност

Акционерите не одговараат лично за плаќањето на долговите на акционерското друштво, а нивната одговорност е ограничена до висината на нивниот влог во акции.

Всушност и содружниците на друштвото со ограничена одговорност не одговараат за обврските на друштвото, меѓутоа со договорот за друштвото може да се определи сите или одделни содружници да се обврзат да дадат дополнителни доплати над износот на влогот кога е тоа потребно за покривање на загубите или за привремена неопходна потреба од парични средства. Дополнителните доплати не ги зголемуваат влоговите на содружниците, како ни основната главнина на друштвото.

### 4) Преносливост на акциите

Акциите издадени од акционерските друштва се слободно преносливи. Акционерот може да ги продаде неговите акции во кое било време на кое било лице, на овластена берза. Акциите претставуваат ликвиден финансиски инструмент, за разлика од уделите во друштвото со ограничена одговорност за кои постојат ограничувања при нивниот пренос.

## 5) Стабилност во постоењето

Акционерското друштво се основа на неограничен временски период. На неговото постеоење и континуитет во работењето не влијаат фактори како што се смрт, несолвентност на акционерите, промена на сопствениците и на менаџментот и слично.

## 6) Ефикасен менаџмент

Акционерското друштво може да ангажира професионален менаџер, бидејќи располага со доволно финансиски средства. Директорите кои управуваат со работењето на акционерското друштво се лица со искуство и соодветна експертиза, што придонесува за ефикасноста во управувањето со друштвото.

## 7) Можност за експанзија

Акционерското друштво може да прибира финансиски средства преку издавање на акции или обврзници за да финансира нови проекти. Акционерските друштва исто така, дел од добивката распределуваат за резерви кои може да бидат искористени за идна експанзија. Оттука, можностите за ексапанзија на бизнисот и иден раст се доста поголеми.

## 8) Економија на обем

Акционерското друштво е во положба да преземе активности од голем обем бидејќи располага со повеќе финансиски средства. Кога обемот на активности е голем, се намалуваат и трошоците за купување, продажба, производство и друго. Економијата на обем му овозможува на друштвото да произведува добра со пониски трошоци и да ги снабдува купувачите со истите по пониска цена.

## 9) Доверба од јавноста

Акционерските друштва известуваат и објавуваат информации за своето работење во јавноста, нивните финансиски извештаи подлежат на ревизија, што придонесува акционерските друштва да имаат доверба од јавноста.

## 10) Општествена корист

Акционерските друштва креираат поголем број на работни места, инвеситициски можности, производи и услуги по пониска цена и генерираат приходи за државата преку плаќање на даниците, а воедно учествуваат и во многубројни инфраструктурни развојни програми во земјата.

### 11) Дисперзиран ризик

Целокупниот деловен ризик на друштвото е распределен на голем број на акционери и на тој начин е редуциран за секој акционер. Ниеден акционер не е задолежен за повеќе од тоа што вложил и не одговара со својот личен имот.

Позитивно е тоа дека законската регулатива во Република Македонија овозможува преобразба на друштво со ограничена одговорност во акционерско друштво. Пред да пристапиме кон појаснување на сите неопходни дејствија во постапката на преобразба, осврт ќе биде даден за основните карактеристики, права и обврски на акционерското друштво како форма на друштво која ќе настане со преобразбата.

# II АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО

## 1. Поим

Акционерското друштво е трговско друштво во кое акционерите учествуваат со влогови во основната главнина, којашто е поделена на акции.
Акционерите не одговараат за обврските на акционерското друштво.
Фирмата на акционерското друштво мора да ги содржи и зборовите „акционерско друштво” или ознаката „АД”.

## 2. Основачи/акционери

Друштвото може да биде основано од едно или повеќе лица и да има еден или повеќе акционери. За разлика од друштвото со ограничена одговорност каде бројот на содружници е ограничен на 50, акционерското друштво може да има неограничен број на акционери.

## 3. Основање на друштвото

Акционерското друштво може да биде основано на два начини: симултано и скуцесивно основање. Основачи на друштвото се лицата кои го потпишале статутот. Друштвото се смета за основано кога ќе биде запишано во трговскиот регистар.

За начините на основање на акционерското друштво ќе стане збор, подолу во текстот на овој Прирачник.

## 4. Основна главнина

Најмалиот номинален износ на основната главнина, кога друштвото се основа симултано, без јавен повик за запишување акции изнесува 25.000 ЕВРА во денарска противвредност, според средниот курс на НБРМ, објавен на денот пред усвојувањето на статутот, односно на денот пред донесувањето на одлуката за промена на основната главнина.

Кога друштвото се основа сукцесивно, преку јавен повик за запишување акции, најмалиот износ на основната главнина изнесува најмалку 50.000 ЕВРА во денарска противвредност, освен ако со друг закон не е определен друг најмал износ на основна главнина.

Номиналниот износ на акцијата не може да биде помал од 1 ЕВРО.

## 5. Поим на акција

Акција е хартија од вредност во којашто е претставен дел од основната главнина и во која се отелотворуваат правата на акционерот кој, како сопственик на акцијата, не е доверител на друштвото ниту сопственик на еден дел од имотот на друштвото.

За разлика од содружникот кој може да има еден удел во друштото со ограничена одговорност, акционерот може да има повеќе акции во акционерското друштво.

Акциите се издаваат, се пренесуваат и се водат во форма на електронски запис во овластен депозитар за хартии од вредност, во согласност со закон.

Акциите, спрема друштвото, се неделиви. Секоја акција мора да има номинален износ на којшто гласи акцијата. Акциите издадени под нивниот номинален износ се ништовни. За штетата што ќе произлезе од издавањето акции под нивниот номинален износ, издавачите одговараат солидарно. Акциите можат да се издаваат над номиналниот износ (емисиски износ).

Акциите се запишуваат во книга на акции на друштвото (акционерска книга) којашто се води во овластен депозитар за хартии од вредност во електронска форма каде се запишуваат податоците за сопствениците на акции како и податоците што се определени во одлуката за издавање на акциите, сите оптоварувања на акциите определени со закон и со статут и забраните изречени со одлука на судот.

Спрема друштвото, за акционер се смета секое лице запишано во акционерската книга на начин определен со закон.

## 6. Родови и класи на акции

Друштвото издава обични акции, а може да издава и други акции со различни права. Акциите што даваат исти права сочинуваат ист род акции. Според правата, акциите можат да бидат обични и приоритетни.

Приоритетните акции можат да бидат од повеќе класи и не можат да бидат издадени со понизок номинален износ од номиналниот износ на обичните акции. Приоритетните акции од иста класа даваат исти права.

## 7. Права содржани во акциите

Обичните акции се акции кои им даваат на нивните сопственици:

1) право на глас во собранието на друштвото;
2) право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и
3) право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на друштвото.

Приоритетните акции, кога имаат право на глас, покрај правата кои ги даваат обичните акции, даваат и други повластени права, како што се:

- правото на дивиденда во однапред утврден паричен износ или во процент од номиналниот износ на акцијата,
- право на првенство при исплата на дивиденда,
- правото на исплата на остаток од ликвидациона, односно стечајна маса и
- други права определени во статутот и во одлуката за издавање акции, во согласност со закон.

Приоритетните акции кои не даваат право на глас го стекнуваат ова право кога со Законот за трговските друштва, односно со статутот тоа е определено.

За издавањето акции за коишто се врзани посебни права (приоритетни акции) друштвото може да бара и посебни еднократни парични доплати и тоа при издавањето на акциите.

## 8. Класи на приоритетни акции

Приоритетните акции можат да бидат кумулативни и партиципативни.

Кумулативната приоритетна акција му дава на сопственикот право на наплата на акумулираните неплатени дивиденди пред наплатувањето на какви било дивиденди на сопственикот на обични акции.

Партиципативната приоритетна акција му дава на сопственикот, покрај утврдената (фиксна) дивиденда, и право на исплата на дивиденда којашто им припаѓа на сопствениците на обични акции.

## 9. Право на глас

Секоја акција која дава право на глас дава право на еден глас во собранието на друштвото.

Секоја обична акција дава право на глас во собранието. Приоритетните акции, во согласност со одредбите на Законот за трговските друштва, можат да бидат издадени како акции со право на глас и како акции без право на глас. Вкупниот номинален износ на приоритетните акции без право на глас не може да биде поголем од 30% од основната главнина на друштвото. Вкупниот номинален износ на приоритетните акции, со и без право на глас, не може да биде поголем од вкупниот номинален износ на обичните акции во основната главнина на друштвото.

Законот за трговските друштва забранува издавање акции од ист род кои за ист номинален износ даваат различно право на глас во собранието.

## 10. Располагање со акциите

Акционерите на акционерското друштво имаат право слободно да располагаат со акциите.

Располагањето со акциите го подразбира нивниот пренос, заложување, поделба и спојување на акции.

Преносот на акциите може да биде нетрговски и трговски пренос. Под нетрговскиот пренос потпаѓаат случаите на стекнување врз основа на судска одлука, наследство, подарок.

Акционерите имаат право да ги продадат своите акции во секое време по цена која самите ќе ја определат, без за тоа да бараат каква било согласност од друштвото или од останатите акционери, како што е случајот со уделите на содружниците. Трговскиот пренос, односно тргувањето со акции се врши на овластена берза. Берзата е местото каде се склучуваат трансакциите со акциите, а за нивната продажба односно купување се дава налог до овластен учесник на пазарот – брокоерска куќа или банка овластена за работа со хартии од вредност. Порамнувањето и евиденцијата на сопственоста на акциите се врши во овластен депозитар.

Акциите може да се заложуваат, при што со давањето на акциите во залог, акционерот не го губи правото на глас.

Исто така, можни се и поделби и спојувања на акциите. Друштвото може, со измена на статутот, да изврши поделба на акциите и истовремено да го намали нивниот номинален износ или да изврши спојување на акциите и истовремено да го зголеми нивниот номинален износ, под услов основната главнина да остане непроменета.

## 11. Органи на друштвото

Органи на акционерското друштво се собранието на акционери и одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор.

### *11.1. Системи на управување со друштвото*

Управувањето со друштвото може да биде организирано според едностепен систем (одбор на директори) или според двостепен систем (управен одбор или управител и надзорен одбор).
Друштвото го избира системот на управување. Со измени на статутот може едностепениот систем на управување да биде заменет со двостепен и обратно.

#### *11.1.1. Едностепен систем на управување*

Доколку друштвото избере еденостепен систем на управување формира одбор на директори.
Одборот на директори има најмалку три, а најмногу 15 члена. Собранието ги избира членовите на одборот на директори. При изборот на членовите на одборот на директори се назначува кои членови се избираат како независни членови на одборот на директори. Независните членови на одборот на директори се избираат од редот на неизвршните членови на одборот на директори.

Од членовите избрани во одборот на директори, одборот на директори назначува еден или повеќе извршни членови на одборот на директори. За извршен член на одборот на директори не може да биде избран член на одборот на директори кој е избран како независен член на одборот на директори. Бројот на извршните членови мора да биде помал од бројот на неизвршните членови на одборот на директори.

Ако одборот на директори има до четири неизвршни члена, најмалку еден од неизвршните членови на одборот на директори е независен член. Ако одборот на директори има повеќе од четири неизвршни члена, најмалку една четвртина од неизвршните членови се независни членови на одборот на директори.

Одборот на директори, од редот на своите неизвршни членови, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на одборот на директори, избира претседател на одборот.

Претседателот на одборот на директори ги свикува и претседава со состаноците, одговорен е за водењето евиденција за состаноците и организирањето на другите начини (форми) на работа и одлучување на одборот на директори. Ако претседателот од кои и да е причини не е во можност да ја врши функцијата претседател или ако е отсутен, со состаноците на одборот на директори претседава друг неизвршен член, со мнозинство гласови на присутните членови на одборот на директори.

Одборот на директори, во рамките на овластувањата определени со законот и статутот и овластувањата што изречно му се дадени од собранието, управува со друштвото. Одборот на директори има најшироки овластувања во управувањето со друштвото во рамките на предметот на работењето на друштвото и во дејствувањето во сите околности од името на друштвото, со исклучок на овластувањата што изречно им се дадени на неизвршните членови на одборот на директори.

| Овластувања на извршните членови | Овластувања на неизвршните членови во вршењето надзор |
|---|---|
| • го водат работењето на друштвото и имаат најшироки овластувања да ги вршат сите работи сврзани со раководењето, спроведувањето на одлуките на одборот на директори и вршењето на тековните активности на друштвото и да дејствуваат во сите околности од името на друштвото.<br><br>• го застапуваат друштвото во односите со трети лица.<br><br>Извршните членови, заради извршување на овластувањата, можат да назначат раководни лица кои го вршат секојдневното водење на работењето на друштвото во согласност со одлуките, насоките и налозите на извршните членови на одборот на директори. | • имаат право да вршат увид и да ги проверуваат книгите и документите на друштвото, како и имотот, особено благајната на друштвото и хартиите од вредност и стока.<br><br>Неизвршните членови за вршење одделни стручни работи од надзорот можат да задолжат кое било вработено лице во друштвото или друго стручно лице.<br><br>Во вршењето на надзорот, претседателот на одборот на директори или кој било неизвршен член, овластениот ревизор или друго лице определено со статутот или акционери кои претставуваат најмалку една десеттина од акциите со право на глас, можат да бараат свикување состанок на одборот на директори. Барањето се доставува до претседателот на одборот на директори. |

**Овластувања коишто не можат да се пренесат врз извршните членови**

Одборот на директори не може да ги пренесе врз извршните членови овластувањата кога се одлучува за:

1) затворање (престанување) или пренос на претпријатие или на негов дел што учествува со над 10% во приходот на друштвото;

2) намалување или проширување на предметот на работење на друштвото;

3) суштествени внатрешни организациони промени на друштвото што се определуваат со акт на друштвото;

4) воспоставување долгорочна соработка со други друштва од суштествено значење за друштвото или нејзино прекинување;

5) основање и престанување на трговско друштво што учествува со над една десеттина во основната главнина на друштвото и

6) основање и престанување на подружници на друштвото.

Со статутот може да се забрани пренесување овластувања врз извршните членови и за одлучување за други прашања од надлежноста на одборот. Забраните не можат да се истакнуваат спрема трети лица, освен ако друштвото докаже дека третото лице знаело за тоа или, со оглед на сите околности, морало да знае за тоа.

### *11.1.2. Двостепен систем на управување*

Доколку друштвото одбере управувањето да го организира според двостепениот систем на управување формира управен и надзорен одбор, како органи на друштвото.

**Управен одбор**

Управниот одбор има најмалку три, а најмногу 11 члена.

По исклучок, во друштвата коишто имаат основна главнина помала од 150.000 ЕВРА во денарска противвредност, наместо управен одбор може да биде избран управител, со сите права и обврски што ги има управниот одбор.

Надзорниот одбор ги избира членовите на управниот одбор, односно управителот. Со одлуката за избор на членовите на управниот одбор, еден од членовите на управниот одбор се именува за претседател на управниот одбор.

Надзорниот одбор може да го разреши претседателот на управниот одбор во кое било време и да именува нов претседател.

Ни едно лице во исто време не може да биде член на управен одбор, односно управител и член на надзорен одбор.

Претседателот на управниот одбор ги свикува состаноците и претседава со нив и е одговорен за водењето на записникот од состаноците и за организацијата на други форми преку коишто управниот одбор работи и одлучува.

Ако претседателот од кои било причини не е во можност да ја врши функцијата или ако е отсутен, со состаноците на управниот одбор претседава член на управниот одбор именуван од надзорниот одбор.

| Овластувања на Управниот одбор |
| --- |
| • управува со друштвото и, во тие рамки, го води работењето на друштвото под сопствена одговорност;<br><br>• има најшироки овластувања во управувањето со друштвото, односно во вршењето на сите работи сврзани со водењето на работите и на тековните активности на друштвото и да дејствува во сите околности од име на друштвото во рамките на предметот на работењето на друштвото, со исклучок на овластувањата коишто изречно му се дадени на собранието и на надзорниот одбор.<br><br>• членовите на управниот одбор го застапуваат друштвото во односите со трети лица заеднички, освен ако со статутот поинаку не е определено. |
| Управниот одбор, со одобрение на надзорниот одбор, може да овласти еден или повеќе членови на управниот одбор да го застапуваат друштвото. Во тој случај, другите членови на управниот одбор се исклучени од застапувањето. Овластувањето за застапувањето може да биде повлечено во секое време од надзорниот одбор. |
| Управниот одбор, заради извршување на овластувањата, може да назначи раководни лица кои го вршат секојдневното водење на работењето на друштвото во согласност со одлуките, насоките и налозите на управниот одбор. |

## Надзорен одбор

Надзорниот одбор има најмалку три, а најмногу 11 члена. Собранието ги избира членовите на надзорниот одбор. При изборот на членовите на надзорниот одбор се назначува кои членови се избираат како независни членови на надзорниот одбор.

Ако надзорниот одбор има до четири члена, најмалку еден од членовите е независен член. Ако надзорниот одбор има повеќе од четири члена, најмалку една четвртина од неговите членови се независни членови на надзорниот одбор.

Надзорниот одбор, од редот на своите членови, со мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на надзорниот одбор, избира претседател на надзорниот одбор. Надзорниот одбор може да го разреши претседателот во кое било време и да избере нов претседател.

Претседателот на надзорниот одбор ги свикува седниците и претседава со нив, одговорен е за водењето на евиденцијата за состаноците и организирањето на другите начини (форми) на работа и на одлучување на надзорниот одбор. Ако претседателот на надзорниот одбор од кои било причини не е во можност да ја врши функцијата или е отсутен, со состаноците на надзорниот одбор претседава член на надзорниот одбор избран со мнозинство гласови на присутните членови на надзорниот одбор.

| Овластувања на надзорниот одбор |
| --- |
| • врши надзор врз управувањето со друштвото што го врши управниот одбор;<br>• може да врши увид и да ги проверува книгите и документите на друштвото, како и имотот, особено благајната на друштвото и хартиите од вредност и стока.<br>• го застапува друштвото спрема членовите на управниот одбор. |
| Надзорниот одбор за вршење одделни стручни работи од надзорот може да задолжи одделни членови на одборот, овластениот ревизор или стручни лица. |
| На надзорниот одбор не можат да му бидат пренесени овластувања во врска со управувањето на друштвото, освен ако со закон поинаку не е определено. По исклучок, со статутот може да се определи дека за определени видови работи управниот одбор може да одлучува само со претходно одобрение на надзорниот одбор. Ако надзорниот одбор одбие да даде одобрение, управниот одбор, со образложение поднесено во писмена форма, може да бара одобрение од собранието. |

## *11.2. Собрание на друштвото*

Акционерите своите права во друштвото ги остваруваат на собранието, освен ако со Законот за трговските друштва поинаку не е определено.

На секој акционер запишан во акционерската книга, од денот на уписот, му припаѓа право на учество во работата на собранието и право на глас, освен ако со Законот за трговските друштва поинаку не е определено. Членовите на органот на управување и на надзорниот одбор учествуваат во работата на собранието без право на глас, освен ако не се акционери.

| **Надлежност на собранието** |
| --- |
| Собранието одлучува само за прашањата изречно определени со Законот за трговските друштва и со статутот, а особено за:<br>1) измена на статутот;<br>2) одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката;<br>3) избор и отповикување на членовите на одборот на директори и на членовите на надзорниот одбор;<br>4) одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членовите на органот на управување и на надзорниот одбор;<br>5) промена на правата врзани за одделни родови и класи акции;<br>6) зголемување и намалување на основната главнина на друштвото;<br>7) издавање акции и други хартии од вредност;<br>8) назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи ако друштвото има обврска да ги подготвува;<br>9) преобразба на друштвото во друга форма на друштво, како и за статусните промени на друштвото и<br>10) престанување на друштвото. |
| Ако собранието одлучува за измена на податок што се запишува во трговскиот регистар записникот го води нотар. |
| Собранието не може да одлучува за прашања од областа на управувањето, односно од областа на водењето на работењето на друштвото што се надлежност на органите на управување, освен ако тоа со Законот за трговските друштва поинаку не е определено. |
| **Кворум и донесување на одлуки** |
| Собранието може да работи (кворум за работа) ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство.<br>Одлуките на собранието се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас претставени на собранието, освен ако со Законот за трговските друштва и со статутот не е определено поголемо мнозинство или не се пропишани други услови во поглед на мнозинството со коешто се донесуваат одлуките на собранието. |

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред, како и да бара известување за состојбата на друштвото и за неговите односи со други друштва во врска со точките на дневниот ред. Акционерите со најмалку 5% од од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.

## 12. Престанување на друштвото

Акционерското друштво престанува со:

1) истекот на времето определено со статутот, ако друштвото било основано на определено време;
2) одлука на собранието за престанување на друштвото донесена со мнозинство гласови коешто не може да изнесува под две третини од акциите со право на глас претставени на собранието, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство и не се определени други услови за донесување на одлуката;
3) правосилна одлука на судот се утврди ништовност на друштвото и на уписот на друштвото во трговскиот регистар;
4) присоединување, со спојување или со поделба на друштвото со раздвојување со основање и со раздвојување со преземање и
5) стечај.

Со статутот можат да се определат и други основи за престанување на друштвото. Намерата за бришење на друштвото од трговскиот регистар, се објавува. Секое лице кое има правен интерес може да поднесе приговор, најдоцна во рок од 30 дена од денот на објавувањето. Друштвото престанува без спроведување на ликвидација, освен ако во рокот од 30 дена се покаже дека друштвото има имот којшто треба да се подели и побарувања коишто треба да се намират. Во тој случај, се спроведува ликвидација, односно стечајна постапка. Ликвидаторите, на предлог на заинтересираните лица, ги определува судот.

## 13. Сличности и разлики помеѓу друштото со ограничена одоворност и акционерското друштво

| | Друштво со ограничена одговорност (ДОО) | Акционерско друштво (АД) |
|---|---|---|
| **Поим** | Трговско друштво во коешто едно или повеќе физички и правни лица учествуваат со по еден влог во однапред договорената основна главнина на друштвото. | Трговско друштво во кое акционерите учествуваат со влогови во основната главнина, којашто е поделена на акции. |
| **Основачи** | Едно или повеќе физички или правни лица | Едно или повеќе физички или правни лица |
| **Одговорност** | До висината на влогот (содружниците не одговараат за обврските на друштвото) | До висината на влогот (акционерите не одговараат за обврските на акционерското друштво) |
| **Основна главнина** | ≥5.000 ЕВРА во денарска противвредност | ≥ 25.000 евра во денарска противвредност (симултано основање)<br>≥50.000 ЕВРА во денарска противвредност во (сукцесивно основање) |
| **Акт за основање** | Договор за друштвото односно изјава за основање кај ДООЕЛ | Статут на друштвото |
| **Преносливост на уделот/акцијата** | Ограничена преносливост | Слободно преносливи |
| **Број на удели/ акции** | Еден содружник може да има само еден удел | Еден акционер може да има повеќе акции |
| **Број на сопственици** | Најмногу до 50 содружници | Неограничен број на акционери |
| **Права** | Различни права | Исти права за секој род на акции |
| **Органи на друштвото** | Управител, контролор или надзорен одбор и собир на содружници | Одбор на директори односно управен и надзорен одбор и собрание на акционери |

# III ПРЕОБРАЗБА НА ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ ВО АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО

## 1. Преобразба на друштво од една во друга форма на друштво – ПОИМ

Преобразбата на друштвото од една во друга форма на друштво, начинот и условите за преобразба се регулирани со деветтата глава од Законот за трговските друштва, односно од член 507 заклучно со член 516 на Законот.

Преобразба од една во друга форма на друштво може да изврши секое трговско друштво, во согласност со Законот за трговските друштва и да продолжи да работи во формата во којашто друштвото се преобразило.

На преобразбата од една во друга форма на друштво се применуваат сообразно одредбите од Законот за трговските друштва за основање на соодветната форма на друштво што настанува со преобразбата, освен ако во посебните одредби за преобразба од законот поинаку не е определено.

При преобразбата на друштво од една во друга форма на друштво не се спроведува ликвидација. Притоа, преобразба може да се изврши и во постапка на ликвидација односно друштвото над кое се спроведува ликвидација, може да се преобрази од една во друга форма на друштво до почетокот на распределбата и исплаќањето на остатокот од ликвидационата маса што останува по намирувањето на побарувањата на доверителите на друштвото. Друштво над кое е отворена стечајна постапка не може да се преобрази од една во друга форма на друштво, освен ако, во согласност со Законот за стечај преобразбата е содржана во усвоениот план за реорганизација на стечајниот должник.

Преобразбата ја карактеризира континуитетот на правното лице односно по извршената преобразба на друштво од една во друга форма на друштво, друштвото продолжува да работи како правно лице во другата форма на друштво со сите права и обврски од формата на друштвото од коешто се преобразило, освен правата и обврските на содружниците, односно акционерите кои се изменети со договорот на друштвото, односно статутот на друштвото во постапката на преобразбата.

Предмет на овој прирачник е преобразбата на друштво со ограничена одговорност во акционерско друштво, поради што овде ќе бидат обработени одредбите од Законот за трговските друштва кои го регулираат ова прашање, како и одредбите од Законот кои се однесуваат на основање на акционерско друштво, а кои се применуваат и при преобразба на друштво со ограничена одговорност во акционерско друштво.

## 2. Преобразба на друштво со ограничена одговорност во акционерско друштво

Преобразба на друштво со ограничена одговорност во акционерско друштво се врши врз основа на одлука на содружниците, донесена на начинот и под условите определени со Законот за трговските друштва и договорот за друштвото.

Истовремено со донесување на одлуката за преобразба се усвојува и статутот на акционерското друштво што ќе настане со преобразбата, односно статутот е составен дел на одлуката за преобразба. Всушност, при преобразбата на друштво со ограничена одговорност во акционерско друштво, дејствијата потребни за преобразба се преземаат паралелно со дејствијата потребни за основањето на акционерското друштво што ќе настане со преобразбата.




### *2.1. Одлука за преобразба*

Преобразба на друштвото со ограничена одговорност во акционерско друштво се врши врз основа на одлука за преобразба на друштво од една во друга форма на друштво (во натамошниот текст: одлука за преобразба) којашто ја донесува собирот на содружниците.

Одлуката за преобразба ја донесува собирот на содружниците со мнозинство гласови коешто не може да изнесува под две третини од сите претставени удели, освен ако со договорот за друштвото не се бара поголемо мнозинство.

На собирот на содружниците, на кој се одлучува за преобразбата, се усвојува годишна сметка до денот на одлучувањето за преобразба на друштвото, заедно со извештајот од овластениот ревизор.

Органот на управување, односно содружниците, овластени да го управуваат друштвото, мора да состават известување во писмена форма, во коешто се образложени причините, правните и деловните прашања од значење за преобразбата и да го сторат достапно на сите содружници. Известувањето во писмена форма се доставува како дел од материјалите кои се доставуваат до содружниците за собирот на содружниците, на кој се одлучува за преобразбата.

| Содржина на одлуката за преобразба |
|---|
| Одлуката за преобразба ги содржи следниве податоци:<br>1) фирмата на друштвото коешто се преобразува и фирмата на друштвото во коешто се преобразува;<br>2) името и презимето на секој содружник, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта или на друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во неговата земја ако содружникот е странско физичко лице и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, ЕМБС ако содружникот, е правно лице;<br>3) упатување на статутот, којшто е прилог кон одлуката за преобразба и е нејзин составен дел;<br>4) упатување на одлуката за избор на орган на управување, односно на орган на надзор, ако друштвото има орган на надзор и<br>5) упатување на усвоената годишна сметка. |
| На содржината на статутот, соодветно се применуваат одредбите од Законот за трговските друштва со коишто се уредува содржината на статутот при основање на акционерско друштво. |
| Ако отстапувањето удели на друштвото што ја менува формата е условено со согласност на содружниците кои покрај уплатите на влоговите имаат и други обврски кон друштвото, за полноважноста на одлуката за преобразба е потребна и нивна согласност. |

## *2.2. Услови под коишто може да се изврши преобразба*

Друштвото со ограничена одговорност може да се преобрази во акционерско друштво под следниве услови:

1) по донесувањето на одлуката за преобразба да им се овозможи на сите содружници, да се изјаснат дали сакаат со нивниот удел, да учествуваат во акционерското друштво што ќе настане со преобразбата преку поседување на акции во истото;
2) во преобразената форма на друштвото односно во акционерското друштво, содружникот да учествува со акциите сразмерно на номиналната вредност на неговиот удел со којшто учествувал како содружник во основната главнина на друштвото што се преобразило односно на друштвото со ограничена одговорност;
3) содружникот да може самостојно да одлучи за големината на неговото учество со бројот на акциите во формата на друштво којашто ќе настане со преобразбата односно во акционерското друштво и
4) во друштвото што ќе настане со преобразбата да учествуваат содружници чиешто учество со акции да изнесува најмалку две третини од основната главнина на друштвото што настанува со преобразбата односно акционерското друштво.

Ако основната главнина не биде покриена со учество на содружниците од две третини од истата, основната главнина може да се дополни со:

- влогови што можат да се преземат и од лица кои не се содружници, што можат да се уплатат само во пари и тоа во потполност пред уписот на одлуката за преобразба во трговскиот регистар, или
- содружниците се обврзани да ја доплатат разликата, сразмерно на учеството на нивните влогови, во основната главнина на друштвото што ќе настане со преобразбата односно во акционерското друштво.

Вредноста на одделна акција, се пресметува врз основа на билансот на состојбата којшто се составува за таа цел и којшто е составен дел на одлуката за преобразба.

## *2.3. Преземање акции*

Преземањето акции се врши со уписница. Ако одлуката за преобразба чиј составен дел е и статутот биде усвоена на собирот на содружниците, на којшто се одлучува за преобразбата, на барање на мнозинството содружници кои учествуваат во работата на собирот можат да дадат изјави за преземање акции што се внесуваат во записникот на собирот на содружниците, под услов записникот да го води нотар и нивната содржина да одговара на одредбите на Законот за трговски друштва.

Содружниците кои не присуствувале на собирот на содружниците, во рок од три дена по неговото одржување се повикуваат со јавен повик, во рок кој не може да биде покус од еден месец, но не подолг од два месеца од денот на објавувањето на јавниот повик да дадат изјава дали се согласуваат да преземат акции во друштвото што ќе настане со преобразбата односно акционерското друштво. Јавниот повик се објавува најмалку во еден дневен весник. Содружниците, изјавата за преземање акции, заверена кај нотар, можат да ја дадат најдоцна во рокот утврден во јавниот повик.

Сите содружници кои се согласиле да бидат акционери во преобразеното друштво мораат да потпишат уписница за бројот на акциите што ги преземаат.

Одредбите на Законот за трговските друштва за основната главнина, влоговите во друштвото, акциите соодветно се применуваат во случај на преобразба на друштво од една во друга форма на друштво.

## *2.4. Упис на преобразбата*

Преобразбата од една во друга форма на друштво се запишува во трговскиот регистар.

По донесувањето на одлуката за преобразба се поднесува пријава за упис во трговскиот регистар. Пријавата ја потпишуваат членовите на органот на управување, кои се назначени со статутот.

Кон пријавата за упис на преобразбата во трговскиот регистар се приложуваат во оригинал, препис или заверена копија кај нотар:

1) записникот од собирот на содружниците на кој е донесена одлуката за преобразба, заверен кај нотар;
2) изјава на сите членови на органот на управување, дека се исполнети условите за преобразба на друштвото во друга форма на друштво, пропишани во Законот за трговските друштва;
3) одлуката за преобразба со прилозите определени со Законот за трговските друштва;
4) список со името и презимето на секој содружник, односно акционер, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта или на друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во неговата земја ако содружникот, односно акционерот е странско физичко лице и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, ЕМБС ако содружникот, односно акционерот е правно лице, со назначување на бројот на акциите што ги презема секој содружник, односно акционер сразмерно на номиналната вредност на акциите на секој акционер што ги поседуваат во основната главнина на друштвото што настанува со преобразбата односно акционерското друштво;
5) список во којшто поименично се наведуваат содружниците кои гласале за усвојување на одлуката за преобразба;
6) одлуката за избор на органот на управување и на надзорниот одбор, којашто е прилог кон одлуката за преобразба и е нејзин составен дел;
7) уписниците за преземање акции;
8) годишната сметка до денот на одлучувањето за преобразба на друштвото, заедно со извештајот од овластениот ревизор и
9) изјавата во согласност со членот 32 од Законот за трговските друштва.

Со уписот на преобразбата во трговскиот регистар, друштвото продолжува да работи како друштво во формата во којашто се преобразило, односно како акционерско друштво.

Ако пријавата за упис на преобразбата не биде поднесена во рок од 90 дена од денот кога на собирот на содружниците е донесена одлуката за преобразба, се смета дека одлуката не е донесена.

### *2.5. Претворање удели во акции*

По уписот на преобразбата во трговскиот регистар, врз основа на уписниците за преземање акции и потврдата за стекнатите акции во преобразеното друштво, акциите се запишуваат акционерската книга, која се води во овластен депозитар.

Потврдата за стекнати акции ја издава органот на управување на друштвото што се преобразува.

Кога друштвото со ограничена одговорност се преобразува во акционерско друштво, претседателот на одборот на директори, односно претседателот на управниот одбор, најдоцна во рок од осум дена од денот на уписот на преобразбата во трговскиот регистар, му дава налог на овластениот депозитар да отвори акционерска книга.

Правата на трети лица спрема уделите од друштвото што се преобразило односно друштвото со ограничена одговорност се пренесуваат како права на трети лица спрема акциите во друштвото што настанало со преобразбата односно акционерското друштво.

## *2.6. Права на содружник по преобразбата на друштвото*

На содружник кој преку изјава дадена во писмена форма не се согласил со преобразбата на друштвото во друга форма на друштво, друштвото е должно да му го откупи уделот според цена соодветна на усвоениот биланс на состојба утврден во одлуката за преобразба на друштво (понудена цена).

Ако содружникот, односно акционерот не ја прифати понудената цена најдоцна во рок од 30 дена од денот на одбивањето на понудата, може да поднесе предлог до судот да ја утврди вредноста на уделот.

Содружникот ги губи сите права од уделот, освен правото на надомест за неговиот удел.

Содружникот од друштвото што се преобразува може да го поднесе предлогот до судот за утврдување на вредност на уделот само преку привремен застапник, којшто тие го назначуваат. Привремениот застапник има право на надомест на трошоците, како и на награда за својата работа. Ако содружникот, сам не ги определи трошоците и наградата, нив ги утврдува судот според околностите на секој одделен случај и определува во кој обем треба да ги надоместат поранешните содружници, кои се од тоа засегнати.

Судот, врз основа на извештајот за процена, подготвен од овластен проценител назначен од судот, ја определува вредноста на уделот, на содружникот кој се спротивставува. Во овој случај, трошоците паѓаат на товар на друштвото. Ако проценителот утврди дека цената за удел, што ја определило друштвото е иста или помала од онаа што ја утврдило друштвото, трошоците за процената паѓаат на товар на содружникот, кој го поднел барањето. Содружникот, со предлогот може да бара и камата.

По правосилноста на одлуката на судот за вредност на уделот, друштвото што настанало со преобразбата односно акционерското друштво го определува рокот за подигање на исплатата што не може да биде пократок од еден месец. По истекот на овој рок, парите се полагаат кај судот.

Содружниците од друштвото што се преобразува не можат да имаат други барања од имотот на друштвото што настанува со преобразбата односно акционерското друштво, врз основа на преобразбата.

## 3. Основање на акционерското друштво што настанува со преобразбата

Со оглед на тоа што на преобразбата од една во друга форма се применуваат сообразно одредбите на Законот за тргвските друштва за основање на соодветната форма на друштво што настанува со преобразбата, овој прирачник ги обработува и одредбите на Законот кои се однесуваат на основање на акционерско друштво. Основањето на акционерско друштво е регулирано со Четвртата глава, Оддел 3, членовите од 285 до 317 на Законот за трговските друштва.

Основачи на акционерското друштво се лицата кои го потпишале статутот.

Основачи на акционерско друштво кое што настанува со преобразбата на друштво со ограничена одговорност, се содружниците во друштвото со ограничена одговорност што се преобразува и кои ќе учествуваат во основната главнина на акционерското друштво сразмерно на големината на нивниот удел.

Доколку минималниот износ на основната главнина не биде покриен со влоговите на содружниците и други лица кои не се содружници уплатиле парични влогови за дополнување на основната главнина, основачи се и овие лица.

Основачите на акционерското друштво кое што настанува со преобразбата го потпишуваат статутот, а потписите на статутот се заверуваат кај нотар. Статутот може да биде само во електронска форма потпишан со електронски потпис согласно со Системот за е-регистрација.



**Содржина на статутот**

Статутот содржи одредби за:

1) фирмата и седиштето на друштвото;
2) предметот на работење на друштвото;
3) износот на основната главнина;
4) номиналната вредност на акциите, бројот на акциите од секој род и класа, правата, обврските, ограничувањата и погодностите;
5) времетраењето на друштвото, ако друштвото се основа на определено време;
6) предностите што за себе ги задржуваат основачите;
7) постапката за свикување и одржување на собранието;
8) името и презимето, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта, ако основачот е странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот, важечка во неговата земја, и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, ЕМБС, ако основач е правно лице;
9) видот, составот и начинот на избор на органот на управување, односно на надзорниот одбор и нивната надлежност;
10) името и презимето на првите членови на органот на управување, односно на надзорниот одбор, нивниот ЕМБГ, број на пасошот, односно број на личната карта за странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот, важечка во нивната земја, и нивното државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, ЕМБС, ако првите членови на органот на управување, односно на надзорниот одбор се назначуваат со статутот и
11) формата и начинот на објавувањата што ги врши друштвото.

Покрај напреднаведените, статутот содржи и одредби за прашањата што, во согласност со Законот за трговските друштва, се уредуваат со статутот, а може да содржи и други одредби значајни за друштвото, ако не се забранети со закон. Други прашања што се од значење за друштвото, а не се уредени со статутот, можат да се уредат, во согласност со Законот за трговските друштва, со други акти на друштвото.

Секоја одредба од статутот или од друг акт на друштвото што е спротивна на одредбите на Законот за трговските друштва е ништовна. Ако некоја одредба од друг акт на друштвото не е во согласност со статутот, се применуваат одредбите од статутот.

Во статутот може да се определат посебни погодности на основачите и на трети лица.

Исто така, во статутот може да се определи и надоместување на трошоците за основање на друштвото, притоа се определува износот на трошоците што, на сметка на друштвото, им се враќа на основачите или на трети лица како надомест или им се дава како награда за основање или за учество во подготовките за основање на друштвото.

Ако посебните погодности, трошоците или надоместоците не се определени во статутот, спрема друштвото немаат правно дејство договорите и правните дејствија со коишто се даваат такви погодности или со коишто се исплатуваат трошоците и надоместоците, притоа неважноста на истите не може да се отстрани ни со измена на статутот по уписот на друштвото во трговскиот регистар.

Акциите во акционерското друштво што настанува со преобразбата можат да бидат платени само во пари. Акциите се уплатуваат во пари на времена сметка кај банка на основачите и истите мора да бидат уплатени пред уписот на одлуката за преобразба на друштвото со ограничена одговорност во акционерско друштво, во трговскиот регистар. Друштвото не може да му позајмува пари или на друг начин да го кредитира запишувачот на акциите при нивното плаќање.

Основачите може да го основаат друштвото симултано или сукцесивно. Друштвото се смета за основано кога ќе биде запишано во трговскиот регистар.

### *3.1. Симултано основање*

Друштвото може да се основа така што основачите сами или заедно со други лица ги преземаат, без јавен повик, сите акции и го потпишуваат статутот. Основачите ги преземаат акциите со изјава, дадена во писмена форма, дека го основаат друштвото и дека ја преземаат обврската за уплата на акциите. Изјавата може да биде приложена кон статутот или да биде содржана во статутот, што е потпишан од основачите. Во изјавата се наведува лицето коешто ги презема акциите, бројот и родот на акциите што ги презема и нивниот номинален износ, и се назначува начинот, времето и местото на уплатата на акциите.

#### 3.1.1. Назначување на првите членови на одборот на директори, односно на надзорниот одбор

Основачите со статутот ги назначуваат членовите на првиот одбор на директори, односно членовите на првиот управен и надзорен одбор. Првите членови на одборот на директори, односно на управниот и надзорниот одбор се назначуваат најдолго за време до одржување на првото годишно собрание.

#### 3.1.2. Извештај за текот на основањето (основачки извештај)

Основачите составуваат извештај во писмена форма за текот на основањето на друштвото (во натамошниот текст: основачки извештај). Во основачкиот извештај се прикажуваат суштествените околности од значење за основањето на друштвото. Притоа, особено се наведуваат:

1) износот на уплатените парични влогови;

2) бројот на акциите што при основањето биле преземени за сметка на член на органот на управување, односно на надзорниот одбор и

3) дали и на кој начин член на органот на управување, односно на надзорниот одбор се здобил со посебна погодност, односно обесштетување или надоместок за учество во основањето на друштвото.

Ако во текот на основањето на друштво или во врска со основачкиот извештај настане спор, секој основач, запишувач и преземач на акции има право

да побара да се изврши ревизија на основањето, а особено на податоците во основачкиот извештај од страна на овластен ревизор. Овластениот ревизор за извршената ревизија поднесува извештај за ревизијата на основањето во којшто ги соопштува своите наоди и заклучоци. Трошоците за ревизија паѓаат на товар на барателот за ревизијата.

### 3.1.3. Упис во трговскиот регистар

Заедно со уписот на преобразбата во трговскиот регистар се врши и упис на основањето на акционерското друштво што настанало со преобразбата.

Пријавата за упис ја поднесува до Централниот регистар на Република Македонија органот на управување, односно овластен член на органот на управување. За пропустите и за штетните последици од ненавремено поднесување на пријавата, лицата кои ја поднеле им одговараат на основачите лично неограничено и солидарно со сиот свој имот.

| **Податоци за упис** |
|---|
| Во трговскиот регистар се запишуваат:<br>1) фирмата и седиштето на друштвото;<br>2) предметот на работење на друштвото;<br>3) износот на основната главнина и бројот на издадените акции;<br>4) вкупниот број на уплатени акции;<br>5) името и презимето, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта, ако основачот е странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, ЕМБС, ако е основач правно лице;<br>6) името и презимето на сите членови на органот на управување, односно на надзорниот одбор и нивниот ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта за странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето и ЕМБС, ако член на овие органи е правно лице;<br>7) времето на траење на друштвото, ако друштвото е основано на определено време и<br>8) овластувањата за застапување на членовите на органот на управување и на други лица овластени за застапувањето на друштвото.<br>Секоја промена на податоците, освен податоците за основачите се запишува во трговскиот регистар. |

Покрај документацијата која се приложува кон пријавата за упис на преобразбата, кон пријавата за упис на основањето се приложуваат и други документи релевантни за симултано основање.

**Прилози кон пријавата за упис на основањето**

Кон пријавата за упис на основањето на акционерското друштво што настанало со преобразбата, се приложуваат следните документи:

1) статутот;
2) копија од пасош или од лична карта за странско физичко лице или од друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во неговата земја и неговото државјанство, односно доказ за регистрација, ако е основач правно лице;
3) доказ за уплатениот износ од банката во којашто е вршена уплата на акциите;
4) ако во основањето се дадени посебни погодности, договорите со коишто тие се утврдуваат и спроведуваат;
5) пресметката на трошоците за основање на друштвото во којашто се искажуваат поединечните ставки и вкупните трошоци;
6) основачкиот извештај и извештајот за ревизија на основањето, ако таков извештај бил подготвен;
7) дозвола или друг акт на државен орган или на друг надлежен орган, ако таа обврска е определена со закон за упис на друштвото во трговскиот регистар;
8) изјава од застапникот по закон на правно лице, односно изјава од физичко лице, дека не постои пречка за да биде основач на друштвото, во согласност со членот 29 од Законот за трговските друштва и
9) изјава, во согласност со членот 32 од Законот за трговските друштва.

Извршните членови на одборот на директори, односно членовите на управниот одбор, како и другите лица кои, според статутот, се овластени за застапување поднесуваат потписи – заверени на нотар, а за странските лица кај надлежниот орган во земјата чиишто државјани се. Потписот не се заверува кај нотар ако се поднесува како прилог преку Системот за е-регистрација потпишан со сопствен електронски потпис или преку регистрациониот агент.

**Изјава по член 29 од ЗТД**

Кон пријавата за упис на основање на друштво во трговскиот регистар, основачите поднесуваат лична изјава во писмена форма или во електронска форма преку едношалтерскиот систем дека не постои некое од ограничувањата пропишани со член 29 од Законот за трговски друштва или друго ограничување пропишано со овој или друг закон, за да основаат друштво. Трговско друштво не можат да основаат:

1) трговски друштва чија сметка отворена кај кој било носител на платниот промет е блокирана и лицата кои се членови на органот на управување, органот на надзор, односно се управители на тие друштва, се додека трае блокадата на сметката на друштвото или додека над истото не се отвори постапка на ликвидација или стечај;
2) друштва над кои е отворена стечајна постапка, додека трае постапката;
3) лица кои се членови на органот на управување, органот на надзор, односно се управители на трговски друштва на кои во постапка пропишана со закон им е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност, се додека трае забраната;
4) лице кое е содружник во друштво со ограничена одговорност (ДОО) или во друштво со ограничена одговорност основано од едно лице (ДООЕЛ) чија сметка е блокирана додека трае блокадата на сметката на друштвото или додека над друштвото не се отвори постапка за ликвидација или стечај и
5) лица за кои со правосилна одлука на судот е утврдено дека сториле кривично дело лажен стечај, предизвикување стечај со несовесно работење, злоупотреба на постапката стечај , оштетување или повластување на доверители и изречена им е забрана за вршење професија, дејност или должност, се додека траат правните последици од забраната.

**Изјава по член 32 од ЗТД**

- **Подносители на изјавата.** Изјавата ја поднесуваат членовите на органите на управување во друштвото што се преобразува
- **Содржина на изјавата.** Во изјавата се наведуваат дејствијата извршени со цел правилно да се изврши преобразба на друштвото со ограничена одговорност во акционерско друштво и основањето на акционерското друштво што настанало со преобразбата. Со истата подносителите тврдат дека преобразбата и основањето на акционерското друштво се врши во согласност со закон и дека податоците содржани во прилозите (исправите и доказите) коишто ги поднесуваат кон пријавата за упис на преобразбата и основањето во трговскиот регистар се вистинити и се во согласност со закон.
- **Форма на изјавата.** Изјавата може да биде поднесена во писмена форма или во електронска форма преку едношалтерскиот систем во согласност со Систем за е-регистрација, Законот за Централниот регистар на Република Македонија и прописите за едношалтерски систем. Изјавата се заверува кај нотар, освен ако се поднесува како прилог преку Системот за е-регистрација потпишана со сопствен електронски потпис или преку регистрационен агент, кога заверката кај нотар не е потребна.

Основачите на друштвото одговараат за веродостојноста, вистинитоста и точноста на податоците содржани во пријавата и за прилозите што со Законот за трговските друштва е определено дека се приложуваат кон пријавата за упис на основањето на друштвото во трговскиот регистар. Законот за трговските друштва предвидува и неограничена и солидарна одговорност на основачите за штетата што ќе ја предизвикаат за друштвото и доверителите поради незаконити дејствија и давање лажни или непотполни податоци во врска со основањето или лажни изјави.

### 3.1.4. Забрана за издавање акции

Пред уписот на основањето на друштвото во трговскиот регистар не можат да се издаваат акции. Дејствието спротивно на напреднаведеното, пропишано со Законот за трговските друштва е ништовно. Законот предвидува и граѓанска одговорност за лицето кое ќе постапи спротивно на пропишаното, односно истото е должно да ја надомести штетата што ќе биде предизвикана.

## *3.2. Сукцесивно основање*

Доколку друштвото со ограничена одговорност при преобразбата во акционерско друштво има за цел да прибере и нови парични влогови од јавноста во тој случај примена ќе имаат одредбите на Законот за трговски друштва кои се однесуваат на сукцесивно основање.

Во случај на сукцесивно основање, друштвото се основа така што основачите ќе го усвојат статутот, ќе запишат определен број акции и ќе упатат јавен повик за запишување акции. Акциите што не се запишуваат врз основа на јавен повик, се преземаат и уплатуваат со соодветна примена на одредбите на Законот за трговските друштва што се однесуваат на преземањето акции кога друштвото се основа симултано.

На сукцесивното основање, се применуваат и одредбите на Законот за хартии од вредност кои се однесуваат на јавна понуда. Од таа причина во овој Прирачник ќе биде обработена и јавната понуда на хартии од вредност од аспект на сукцесивно основање на акционерско друштво при преобразба од друштво со ограничена одговорност.

Значајно е да се напомене, дека со оглед на тоа што во овој случај друштвото за прв пат ке прибира капитал од јавноста преку издавање на акции наменети за јавноста, јавната понуда во постапката на сукцесивно основање има третман на примарна јавна понуда.

### 3.2.1. Јавен повик и уписница

Согласно Законот за трговски друштва, при сукцесивното основање основачите изготвуваат јавен повик и уписница.

Јавниот повик со којшто се повикува на запишување акции се подготвува во согласност со одредбите на статутот, усвоен од основачите.

| Содржина на јавниот повик |
|---|
| Јавниот повик за запишување акции, кој се објавува во случај кога друштвото при преобразбата ќе прибира дополнителен капитал од јавноста, покрај фирмата, седиштето и предметот на работење на друштвото што се основа, мора да содржи и податоци за:<br>1) датумот кога е усвоен статутот врз основа на којшто се издава јавниот повик;<br>2) износот на основната главнина;<br>4) бројот, родот, а ако се издаваат повеќе родови, односно класи се наведуваат сите родови и класи на акции коишто се нудат на запишување, нивниот номинален износ и цената по којашто се продаваат, како и бројот и родот, односно класи на акциите, акциите што биле преземени без запишување и правата коишто издадените акции ги даваат, погодностите, ограничувањата и другите услови поврзани со родот и класата на акциите што се издаваат;<br>5) името и презимето на секој основач, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта, ако основачот е странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, ЕМБС, ако основач е правно лице;<br>6) седиштето на банката кај којашто се запишуваат акциите и упатување дека таму може да се прегледа статутот, проспектот, а според случајот, и основачкиот извештај и извештајот на ревизијата на основање, ако таков извештај по барање на основачите, односно други лица, во согласност со Законот за трговските друштва, бил подготвен;<br>7) денот кога започнува и кога завршува запишувањето на акциите;<br>8) денот кога престанува обврската за запишувачот, ако основањето на друштвото дотогаш не биде пријавено за упис во трговскиот регистар;<br>9) кога и колку од запишаните акции треба да се уплатат пред поднесувањето на пријавата за упис на друштвото во трговскиот регистар, односно кога се смета дека запишувањето на акции е успешно;<br>10) податоците за посебните погодности;<br>11) трошоците што се направени при основањето на друштвото, посебните плаќања, надоместоците и наградите, како и максималните трошоци што можат да бидат наплатени од основачите во случај на неуспешно основање на друштвото;<br>12) начинот на свикување на основачкото собрание и<br>13) највисокиот износ на трошоците на основањето, што паѓаат на товар на друштвото.<br>Јавниот повик може да содржи и други податоци што се од значење за издавањето и продажбата на акциите, а во конкретниот случај и за преобразбата на друштвото со ограничена одговорност во акционерско друштво. |
| Јавниот повик е ништовен ако не ги содржи сите пропишани податоци или ако содржи податоци со коишто се ограничуваат правата на запишувачот на акциите. Запишувачот на акции не може да се повика на тоа дека запишувањето акции не го обврзува или дека јавниот повик е ништовен ако друштвото е запишано во трговскиот регистар, а тој гласал на основачкото собрание или, подоцна, како акционер, остварувал право во друштвото или исполнил некоја обврска кон друштвото. Спрема друштвото нема правно дејство ограничувањето што не е содржано во јавниот повик. |
| Податоците за основањето и други информации за друштвото се утврдуваат во проспект којшто е прилог кон јавниот повик. |
| Основачката емисија на акции се смета за успешна ако биде запишан процентот на издадените акции утврден во јавниот повик, но не помалку од најмалиот износ на основната главнина, определен со Законот за трговските друштва, како услов за сукцесивно основање на акционерско друштво. |

Согласно Законот за трговските друштва, еден од документите кои треба да ги подготват основачите е и уписницата која ќе треба да ја пополнуваат лицата кои во текот на јавната понуда ќе запишуваат и уплатуваат акции. Имено, секој запишувач потпишува три примероци од изјавата за упис на акциите (уписницата), еден за себе и два за друштвото. Ако запишувањето се врши преку полномошник, кон уписниците што остануваат кај друштвото се приложува и полномошно.

| **Содржина на уписницата** |
|---|
| Уписницата содржи:<br>1) број, род и класа на запишаните акции, нивниот номинален износ и, ако тоа е потребно, и емисиона вредност;<br>2) изјава на запишувачот дека се обврзува да ја уплати акцијата според условите определени во јавниот повик;<br>3) паричен износ што запишувачот го уплатува при уписот;<br>4) изјава на запишувачот дека е запознат со статутот и со јавниот повик, односно со проспектот, со основачкиот извештај и со извештајот за ревизија на основањето ако таков извештај, по барање на основачите, односно на други лица, во согласност со Законот за трговските друштва, бил подготвен и дека се согласува со статутот и со начинот на којшто е основано друштвото;<br>5) потпис на запишувачот со назначување на името и презимето, односно името и презимето на неговиот полномошник, ЕМБГ, бројот на пасошот, односно бројот на личната карта, ако запишувачот е странско физичко лице или на друга исправа за утврдување на идентитетот, важечка во неговата земја и неговото државјанство, како и местото на живеење, односно фирмата, седиштето, ЕМБС ако запишувачот е правно лице;<br>6) доказ од банката кај којашто се извршени, односно ќе бидат извршени уписот и уплатата, како и издадена потврда за примената уплата. |
| Уписницата го обврзува запишувачот само ако друштвото биде основано. |
| Уписницата е ништовна ако не ги содржи пропишаните податоци и со која, спротивно на законот, се ограничува одговорноста за обврските што ги презел запишувачот. |

### 3.2.2. Постапка за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда

Пред објавување на јавниот повик, пред отпочнување на постапката за запишување и уплата на акциите, основачите односно друштвото со ограничена одговорност што се преобразува потребно е да поднесе до Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија барање за давање одобрение за издавање на хартии од вредност.

Имено, согласно Законот за хартии од вредност издавањето, понудата и продажбата на хартии од вредност по пат на јавна понуда се врши по претходно добиено одобрение од Комисијата на барањето за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда.

Пред да се поднесе барање за издавање на акции по пат на јавна понуда, надлежниот орган на издавачот донесува одлука за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда.

Откако одлуката за издавање на акции по пат на јавна понуда ќе биде донесена, во фокусот на вниманието е изготвувањето на Проспектот за емисијата, документ со кој издавачот ја повикува јавноста да купи хартии од вредност од јавната понуда. Проспектот ги содржи сите податоци кои треба да им овозможат на инвеститорите да направат процена, заснована на информации, за средствата и обврските, финансиската состојба, добивката и загубите и перспективите на издавачот и на гарантот на емисијата, како и за правата поврзани со хартиите од вредност што се издаваат. Содржината на Проспектот е регулирана со Законот за хартии од вредност и ***Правилникот за формата и содржината на проспектот и на поканата за запишување и уплата на хартии од вредност***[1], при што се предвидува дека пред да отпочне постапката на запишување и уплата на хартиите од вредност Проспектот задолжително му се дава на инвеститорот.

Проспектот содржи податоци за роковите и условите на понудата и за хартиите од вредност што се издаваат: видот, родот и класата на хартиите од вредност, обемот на емисијата, номиналната вредност, цената по која се продаваат, процентот на хартии од вредност што треба да се продадат за понудата да се смета за успешна, постапката на запишување и уплата, акумулациската сметка на која ќе се уплаќаат хартиите од вредност, постапката за распределба на хартиите од вредност, и други податоци релевантни за понудата.

Проспектот содржи и детални податоци за издавачот: податоци за неговата историја, за инвестициите, за дејностите, за пазарите на кои работи, организациона структура, за недвижностите и опремата, за финансиската состојба, за резултатите од работењето, за изворите на средствата, за политиката за истражување и развој, за најзначајните движења во врска со производството и продажбата, за органите на управување, за бројот на вработени и нивната квалификациона структура, за поголемите акционери, за дивидендната политика, за судските постапки во кои е вклучен издавачот, за статутот на издавачот. Во поглед на финансиските податоци за издавачот, Проспектот содржи ревизорски извештаи и ревидирани финансиски извештаи за последните три години.

Покрај податоците за понудата и за издавачот на хартиите од вредност, Проспектот содржи и податоци за ревизорите кои извршиле ревизија на финансиските извештаи на издавачот, податоци за одговорните лица на издавачот, како и податоци за банката односно брокерската куќа која го изготвила проспектот во име и за сметка на издавачот. Издавачот во Проспектот објавува и информација

[1] Закон за хартии од вредност (“Службен весник на Република Македонија” број 95/05, 25/07, 7/08, 57/10. 135/11 и 13/13)

за тоа дали и кога ќе побара прием на котација на хартиите од вредност на овластена берза.

Издавачот во Проспектот го наведува и процентот на хартии од вредност што треба да се продадат за да се смета за успешна јавната понуда. Кај нас минималниот процент на успешност на емисијата утврден со Законот за хартии од вредност изнесува 60%, но издавачот може да утврди и повисок процент на успешност.

**Одобрение од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија**

Откако надлежниот орган на издавачот ќе донесе Одлука за издавање на хартии од вредност (Одлука за емисија на акции), и откако ќе биде изготвен Проспектот, издавачот треба да добие одобрение од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија за да може да ги понуди на продажба хартиите од вредност.

За целите на добивање одобрение, издавачот до Комисијата поднесува формално барање чија форма и содржина е пропишана со ***Правилникот за содржината на барањето за издавање хартии од вредност по пат на јавна понуда***[2]**.** Во прилог на барањето се поднесува Одлуката донесена од соодветниот надлежен орган, Проспектот, и целокупната документација врз основа на која е изготвен Проспектот пропишана со ***Правилникот за документите што ги доставува издавачот на хартии од вредност при поднесување на барањето за одобрение на јавна понуда на хартии од вредност***[2]. Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија при разгледување на барањето проверува дали Проспектот е изготвен во согласност со законската и со подзаконската регулатива, односно дали ги содржи сите пропишани податоци, дали содржи ветување, изјава, процена или предвидување кое е лажно или неточно и дали содржи податоци кои даваат погрешна претстава или се пропуштени важни податоци.

Доколку оцени дека Проспектот е изготвен согласно закон, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија ја одобрува емисијата и содржината на проспектот, по што може да започне постапката на запишување и уплата на хартиите од вредност.

**Продажба на хартиите од вредност**

По добивање на одобрението од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, издавачот на хартиите од вредност објавува покана за запишување и уплата на хартии од вредност, во која ги наведува основните податоци за понудата и податок за местата каде инвеститорите можат да ја добијат целосната содржина на Проспектот. Инаку, Проспектот се објавува и на интернет страницата на берзата.

По објавувањето на поканата за запишување и уплата на хартии од вредност, потребно е да помине одреден период, за да можат инвеститорите да се запознаат со содржината на проспектот и да ги направат потребните анализи, пред да

[2] Службен весник на РМ бр.28/2008 и бр.128/2013

донесат одлука за инвестирање. Тој период во Република Македонија изнесува 14 дена. Продажбата на хартиите од вредност започнува по истекот на дадениот период од објавувањето на поканата и на проспектот.

Издавачот е должен да ја започне постапката на запишување и уплата на понудените хартии од вредност во рок од 30 календарски дена од денот на приемот на одобрението од Комисијата за издавање хартии од вредност на Република Македонија.

Запишувањето на јавно понудените хартии од вредност се врши преку овластена берза за хартии од вредност која за тоа има договор со издавачот. Постапката за запишување на хартии од вредност се спроведува преку овластените учесници на пазарот на хартии од вредност – членки на овластената берза и овластен депозитар. При запишувањето на јавно понудени хартии од вредност преку берза, издавачот може да дефинира фиксна цена или минимална цена.

Доколку издавачот дефинира фиксна цена, запишувањето на акциите може да се одвива на еден од следните три начини во зависност од приоритетот при подредувањето на налозите, којшто го избира издавачот во актот за издавање:

- давање приоритет на налози со порано време на внес на налог;
- давање приоритет на налози со помала количина и порано време на внес на налог;
- давање приоритет на налози со поголема количина и порано време на внес на налог.

Доколку издавачот дефинира минимална цена, запишувањето може да се одвива на еден од следните три начини во зависност од приоритетот при подредувањето на налозите, којшто го избира издавачот во актот за издавање:

- давање приоритет на налози со повисока цена и порано време на внес на налог;
- давање приоритет на налози со повисока цена, помала количина и порано време на внес на налог;
- давање приоритет на налози со повисока цена, поголема количина и порано време на внес на налог.

За време на запишувањето, сите уплати од купувачите за понудените хартии од вредност се чуваат на посебна сметка во банка, која не може да биде користена од страна на издавачот сè додека јавната понуда не биде успешно завршена согласно Законот за хартии од вредност и Проспектот на издавачот.

Средствата кои еден инвеститор ги уплаќа за време на запишувањето на хартиите од вредност не се сметаат за дел од стечајната маса во случај на стечај на издавачот пред успешното завршување на понудата согласно Законот за хартии од вредност и Проспектот на издавачот.

Начинот и постапката за запишување на хартиите од вредност кои се издаваат по пат на јавна понуда е дорегулирано со ***Правилникот за начинот и постапката на запишување на хартии од вредност***[3].

[3] Службен весник на РМ бр. 28/2008 и бр.128/2013

**Рок за реализација на јавната понуда**

Рокот за реализација на јавната понуда го утврдува издавачот на хартиите од вредност со одлуката за издавање на хартии од вредност. При тоа, со Законот за хартии од вредност е регулирано дека рокот за реализација на јавната понуда не може да биде подолг од 12 месеци од денот на започнувањето на запишувањето и уплатата на хартиите од вредност. Меѓутоа, со оглед на тоа што станува збор за јавна понуда при сукцесивно основање на акционерско друштво, примена имаат одредбите на Законот за трговски друштва во поглед на рокот каде е предвидено дека рокот за запишување на акциите не може да биде подолг од 90 дена сметајќи од денот на започнувањето на запишувањето.[4]

**Известување за исходот на јавната понуда**

Издавачот е должен по завршувањето на понудата да ја извести Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, за бројот на запишаните и уплатени хартии од вредност, односно за процентот на реализација на емисијата и тие податоци да ги објави во јавноста.

Содржината на известувањето за запишаните и уплатените хартии од вредност, односно за процентот на реализација на емисијата е пропишана со ***Правилникот за формата и содржината на известувањето за исходот на јавната понуда на хартии од вредност***.

## 3.2.3. Располагање со уплатите

Основачите не можат да располагаат со уплатите за акции. Органот на управување може со уплатите да располага по уписот на основањето на друштвото во трговскиот регистар.

Посебни надоместоци, поврат на уплата и награди не можат да се исплатуваат на товар на основната главнина.

## 3.2.4. Основачко собрание

Основачкото собрание се одржува најдоцна за 60 дена по истекот на рокот за запишување на акциите, определен со јавниот повик, ако акциите не бидат запишани во пократок рок од рокот определен за запишување акции. Основачите го свикуваат основачкото собрание со повик, што мора да се објави на ист начин како и јавниот повик за запишување акции. Од денот на последното објавување на повикот за свикување на основачкото собрание и денот на одржувањето на основачкото собрание мора да поминат најмалку 15 дена.

Основачите се должни во овој рок на запишувачите на кои им се распределени акции во банката во којашто се запишани да им ги стават на увид статутот, основачкиот извештај, јавниот повик, списокот на уписниците, извештајот на основачите за трошоците на основањето, списокот за распределбата на акциите

[4] Ова дотолку повеќе, што и одлуката за преобразба и самата преобразба не можат да бидат запишани во трговскиот регистар доколку истечат повеќе од 90 дена од нејзиното донесување.

и списокот на лицата кои презеле акции без запишување врз основа на јавниот повик со наведување на бројот и родот на акциите коишто секој од нив ги презел и извештајот за ревизија на основањето, ако таков извештај, по барање на основачите, односно на други лица, бил подготвен.

Судот на чиешто подрачје се наоѓа седиштето на друштвото може, на предлог на основачите, ако за тоа постојат оправдани причини, рокот за одржување на основачкото собрание да го продолжи за 30 дена. За одржување на основачкото собрание соодветно се применуваат одредбите на Законот за трговските друштва за собранието, ако тоа поинаку не е определено со Законот за трговските друштва.

Ако основачкото собрание не се одржи во определениот рок, се смета дека основањето на друштвото не успеало. Основачите, во рок од 15 дена по истекот на рокот за одржување на основачкото собрание, со оглас објавен на ист начин како и јавниот повик ги повикуваат запишувачите на акции да ги подигнат уплатите. Ако основачите не постапат  на овој начин, огласот ќе го објави судот, на предлог на кој било од запишувачите на акции, на трошок на основачите.

Основачкото собрание се одржува во седиштето на друштвото, ако со повикот не биде определено некое друго место. На основачкото собрание мора да бидат присутни основачите и запишувачите на акции кои имаат во сопственост мнозинство од сите акции, а ако друштвото издало акции од повеќе родови, тогаш и мнозинство на акции од секој род на акции.

Основачкото собрание го отвора нотар, претходно определен од основачите. Нотарот мора да состави список на присутните основачи и запишувачи, односно на нивните полномошници и да утврди дали се исполнети условите за одржување на основачкото собрание.

Ако на основачкото собрание не се исполнети условите за одржување на истото, основачите можат повторно да го свикаат собранието и тоа најдоцна во рок од 15 дена од денот на кој требало да се одржи неодржаното основачко собрание. Од денот на повторното свикување на собранието до денот на неговото одржување мора да поминат најмалку осум, а најмногу 15 дена.

## Тек на основачкото собрание

По отворањето на основачкото собрание се избира претседавач на основачкото собрание и двајца бројачи на гласови. Потоа, се чита основачкиот извештај и извештајот за ревизија на основање, ако таков извештај, по барање на основачите, односно други лица, во согласност со Законот за трговските друштва, бил подготвен. Прилозите кон наведените извештаи се читаат само ако тоа го побараат присутните и застапени основачи и запишувачи на акции кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акциите со право на глас.

Записникот за работа на основачкото собрание го води нотар. Записникот, освен нотарот, го потпишува претседавачот на основачкото собрание и бројачите на гласови.

**Надлежност на основачкото собрание**

Основачкото собрание:

1) го усвојува основачкиот извештај и извештајот за ревизија на основањето, ако таков бил подготвен;
2) утврдува дали се запишани, односно преземени и распределени сите акции, дали се внесени сите влогови што според закон и според статутот морале да се внесат до одржувањето на основачкото собрание и дали друштвото ќе може слободно да располага со она што е внесено по уписот во трговскиот регистар;
3) го утврдува износот на трошоците за основање коишто се на товар на друштвото и
4) ги избира оние органи на друштвото што според законот и статутот ги избира собранието, освен ако, во согласност со Законот за трговските друштва, не се назначени со статутот.

**Гласање на основачкото собрание**

На основачкото собрание секоја акција дава право на еден глас, освен за изборот на одборот на директори, односно надзорниот одбор за којшто право на глас даваат само акциите со право на глас.

На основачкото собрание се одлучува со мнозинство гласови од кворумот потребен за полноважн одлучување на основачко собрание.

### 3.2.5. Пријава и податоци за упис

Пријава за упис на сукцесивното основање на друштвото во трговскиот регистар се поднесува на начин и според условите пропишани во Законот за трговските друштва за симултано основање.

| ПРИЈАВА ЗА УПИС |
|---|
| Кон пријавата за упис се приложуваат:<br>1) статутот;<br>2) копија од пасош или од лична карта за странски физички лица или од друга исправа за утврдување на идентитетот важечка во нивната земја, односно доказ за регистрација, ако основач е правно лице;<br>3) доказ за уплатениот износ од банката во којашто е извршена уплатата на акциите;<br>4) записникот од основачкото собрание со поканата за него и со списокот на учесниците;<br>5) одлуките за избор на членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор ако тие не се назначени со статутот;<br>6) основачкиот извештај и извештајот за ревизија на основањето ако таков извештај, по барање на основачите, односно други лица, во согласност со Законот за трговските друштва, бил подготвен;<br>7) дозвола или друг акт на државен орган или на друг надлежен орган, ако таа обврска е определена со закон за упис на друштвото во трговскиот регистар;<br>8) изјава од застапникот по закон на правно лице, односно изјава од физичко лице, дека не постои пречка да биде основач на друштвото, во согласност со членот 29 од Законот за трговските друштва и<br>9) изјавата, во согласност со членот 32 од Законот за трговските друштва. |
| Извршните членови на одборот на директори, односно членовите на управниот одбор, како и другите лица кои, според статутот, се овластени за застапување поднесуваат потписи - заверени, приложени и дадени во согласност со членот 65 ставови (2) и (3) од Законот за трговските друштва. |

Основачите на друштвото одговараат за веродостојноста, вистинитоста и точноста на податоците, содржани во пријавата и за прилозите за коишто со Законот за трговските друштва е определено дека се приложуваат кон пријавата за упис на основањето на друштвото.

### 3.2.6. Упис на хартиите од вредност во овластен депозитар

Согласно Законот за хартии од вредност, сите хартии од вредност издадени во Република Македонија се регистрираат во депозитар како електронски запис. Хартиите од вредност во депозитарот гласат на име на сопственикот на хартијата од вредност.

Согласно Законот за трговските друштва, акциите се запишуваат во книга на акции на друштвото (во натамошниот текст: акционерска книга ) којашто се води во овластен депозитар за хартии од вредност во електронска форма.

По успешното завршување на емисијата и по уписот на преобразбата односно акционерското друштво што настанало со преобразбата во трговскиот регистар, издавачот на хартии од вредност е должен да ги предаде хартиите од вредност за регистрирање во депозитарот на хартии од вредност во рок од три работни дена од денот на уписот во трговскиот регистар.

Правата и обврските од хартиите од вредност настануваат од моментот на упис во депозитар на хартии од вредност.

Се додека не заврши јавната понуда и процесот на преобразба на друштвото со ограничена одговорност во акционерско друштво и додека акционерското друштво што ќе настане со преобразбата не се запише во трговскиот регистар, а неговите акции во акционерската книга кај овластен депозитар, не може да се врши секундарно тргување со хартиите од вредност што се предмет на понудата.

* * *

Потребите и целите на друштвата се различни и во зависност од нив изберете ја правната форма на друштво во која ќе го развивате вашиот бизнис и бизнис идеи. Пазарот на капитал нуди големи поволности за финансирање на бизнисите што се во експанзија, за што сведочат бројни примери од светската пракса каде друштва со ограничена одговорност, по пат на IPO (иницијална јавна понуда) се трансформираа во акционерски друштва и денес се светски познати брендови.

Одлуката е Ваша!

За сите подетални информации обратете се во Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и во Македонската Берза АД Скопје или посетете ги следните интернет страници:

- www.sec.gov.mk;
- www.mse.mk;
- www.cdhv.org.mk.